Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/2002), член 14 став 1, 4 и 8 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" број 06/2012, 30/2013, 166/2014 и 150/2015) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 25 ноември 2016 година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Член 1

Со цел унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата и координација на телата за заштита од дискриминација, еднакви можности и пристап до правда се формира координативно тело за заштита од дискриминација како постојано меѓу секторско тело.

Член 2

Координаторот за еднакви можности на Општина Штип раководи со Координативното тело за заштита од дискриминација.

Член 3

Членови на Координативното тело за заштита од дискриминација се: координаторот за еднакви можности на Општина Штип, претставник од Комисијата за еднакви можности на Општина Штип, Заменикот народен правобранител од регионалната канцеларија на Народниот правобранител во Штип, претставник од подрачното одделение на Министерството за правда на Општина Штип и претставници на граѓански организации од Општина Штип.

Член 4

Членовите, целите и задачите на координативното тело и комуникацијата помеѓу истите подетално се уредуваат во Протокол за унапредување на соработката на локалните механизми за заштита од дискриминација во Општина Штип. Координативното тело заеднички одлучува за задачите и активностите кои ги презема за координација на активностите, градење на капацитетите и промоција на принципот на еднакви можности и недискриминација.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-9062/1
25 ноември 2016 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП
1